(15) Со барањето за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.
(16) МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.
(17) Заштитните мерки за изведувањето на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.
(18) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.

(19) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведување на работите.

(20) МЕПСО има право во заштитениот појас да превзема дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

При реализација на ГУП за град Штип треба да се обезбеди непречен сообраќаен пристап до трафостаниците на МЕПСО и ЕВН. Истото може да се решава во склоп на Планови од пониско ниво или со соодветна проектно планска документација (Инфрастриктурни Проекти).

Член 101

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:

- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

Член 102

Во планската документација од пониско ниво, при планирање на електромрежата се дозволува каблирање на постојните преносни и дистрибутивни надземни водови.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 103

Планирањето на новите надземни градби во комуникациската инфраструктура треба да биде на според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 104

Изборот на точна локација на надземните електронски комуникациски градби (новите базни станици, простории за активна опрема, поштенски единици и др.) ќе се изврши со планска документација од пониско ниво.

Член 105

Се дозволува поставувањето на новите базни станици за мобилна телефонија да биде регулирано со планска документација од пониско ниво, при што треба да се запази позитивната законска регулатива во однос на нивното штетно влијание врз животната средина и регистрираното и евидентираното природно наследство.

Член 106

Планираните примарни електронски комуникациски мрежи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулацискиte линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 107

Трасите на планираните електронски комуникациски водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГАСИФИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 108

Трасите на планираните примарни гасоводи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулацискиte линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 109

Изградбата на новите примарни водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 110

Точната локација за новите гасни мерно-регулациски станици во рамките на четвртите ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 111

Приоритет за поврзување на градската гасоводна мрежа треба да се даде на оние четврти каде домаќинствата не се поврзани на централниот топлификациски систем.

Член 112

Изградбата на примарната гасоводна мрежа треба во целост да ги почитува “Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до13 бари" (Сл.весник бр.100/2009 година).

Член 113

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- при вкрстување со други инфраструктурни водови може да
- се дозволи намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 114

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот раб на цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на градбата во зависност од притисокот, изнесуваат:

Притисок на гасот во гасоводот (bar)	Минимално дозволено растојание (m)
до 1,05	1,00
од 1,05	до 7 2,00
од 7	до 13 3,00

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот,материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 115

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на новопредвидените содржини во четвртите, потребно е да се почитуваат услови те пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Член 116

Во фазата на изградба во четвртите да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности во секоја четврт потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од терените, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Член 117

По завршување на градежните активности во четвртите да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Член 118

Задолжително постапување со посебните видови отпад во четвртите согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл.в. на РМ бр.89/06)
- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.48/07)
- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.в. на РМ бр.146/07)
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл.в. на РМ бр.156/07)
- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.в. на РМ бр.15/08)

- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.130/09)
- Исправка на Правилникот за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09) „Службен весник на Република Македонија “ бр. 142/09 од 25.11.2009 год.
- Правилник за изменување на правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата(*) „Службен весник на РМ“ бр. 164/10 од 20.12.2010 год.
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повтбр. 74/11 од 02.06.2011 год.
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад „Службен весник на РМ“ бр. 129/11 од 23.09.2011 год.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 119

Режимот за заштита на недвижното културно наследство во Генералниот урбанистички план се врши според заштитно- конзерваторските основи за културно наследство (Законот за заштита на културно наследство, Сл.Весник на Р.М. број 74/04,

115/07, 18/11, 148/2011,23/13, 137/13, 164/13, 44/14), односно дека со заштитата во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита и тоа:

1. Сообраќајната инфраструктура не смее да навлегува во површините на заштитените добра, ова особено се однесува на ул. „Гоце Делчев" и ул. „Ванчо Прќе", додека улиците кои поминуваат низ контактните зони на споменичките целини треба да бидат со прилагоден профил и да не влијаат негативно на добрата.
2. Не треба да се создаваат нови градежни зони на констатирани археолошки локалитети.
3. За споменичките целини, споменичка целина „Ново село", треба да бидат изработени детални урбанистички планови во границите на споменичката целина.
4. За споменичката целина „Ново село" каде е предвидена група на класа на намена А, дозволено е само класа на намена А1 - домување во станбени куќи.
5. Постојните урбанистички планови кои имаат негативен пристап кон културното наследство да се усогласат со режимот на заштита од актите за заштита и заштитно конзерваторските основи за Генералниот урбанистички план.

Член 120

Мерките за заштита за овој Генерален урбанистички план (ГУП) обврзно треба да се применуваат според условите наведени во заштитно-конзерваторските основи.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 121

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14 и 104/15), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на деталниот урбанистички план, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), Процена за загрозеност на Република

Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

Член 122

Со урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно, обврзно да се почитуваат растојанијата на улиците до површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно како и за градбите во истите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.

При изработка на Планови од пониско ниво задолжителна е примена на Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14).

Член 123

Обврзно да се предвиди надворешна хидрантска мрежа околу четвртите, површините за градба на секоја наменска употреба на земјиштето како и градбите и комплексите на градби во истите, а нејзината поставка да е во согласност со ПП норми и стандарди.

Член 124

Водењето на другата инфраструктура обврзно треба да биде во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

Член 125

Другите елементи за противпожарна заштита обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ РАЗУРНУВАЊА

Член 126

Во урбанистичката документација од пониско ниво во условите за градба обврзно да се овозможи растојание од најблиската градба до уличната мрежа минимум половина од висината на градбата (L=H/2), односно во граници кои, при разурнување на градбите овозможуваат проодност на сообраќајниците на кои се поставени.

Член 127

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на

урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ

Член 128

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Член 129

Елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, обврзно треба да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во урбанистичката документација од пониско ниво во делот условите за градба на статиката и динамичката анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА ВО АВИОСООБРАЌАЈОТ

Член 130

Согласно член 76 од Законот за воздухопловство (Службен весник на РСМ бр. 48/2020 - пречистен текст), заради Одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, потребно е:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот, а која се наоѓа во рамки на рамнините за ограничување на препреки на аеродромот да не ја налминува елевацијата на соодветната рамнина (прилог во сообраќајниот и инфраструктурниот план).
- Плановите од пониско ниво, за одделните опфати кои се рамки на рамнините за ој раничување на препреки на аеродромот, пред нивно усвојување, да се достават на претходно мислење до Агенцијата за цивилно воздухопловство.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА ВО АВИОСООБРАЌАЈОТ

1. Зона забранета за градба (природен продор на терен)
2. Дозволена градба до елевација од 322-349 МНВ (објекти со максимални висини од 13 м. До 75М. Зависно од микролокација и елевацијата на теренот)
3. Дозволена градба до елевација од 354 МНВ (објекти со максимална висина од 0 м. До 75м. Зависно од микролокацијата и елевацијата на теренот
4. Дозволена градба до елевација од 354 МНВ односно 409 МНВ (објекти со максимална висина од 75 м. До 110 м. Зависно од микролокацијата и елевацијата на теренот
5. Дозволена градба до елевација од 409 МНВ (објекти со максимална висина до 139 м. Зависно од микролокацијата и и елевација на теренот
6. Дозволена градба без ограничувања

Било кој објект во ГУП Штип кој претставува препрека за воздухопловството согласно Законот за воздухопловство треба да се гради во посебни услови од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај кое го издава АЦВи тоа:

Антенски столбови над 15 m
Оџаци повисоки од 30 m
Ветерници и мерни станици за ветар
Други објекти со висина над 100 m
Далноводи со напон над 100 kV

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 131

Се што не е дефинирано во општите и посебните услови за градба да се регулира согласно одредбите од соодветната законска регулатива.

3.4 Историја на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат и неговата околина

Нарачател на планот е општина Штип, а ,,ПЛАН ДИЗАЈН'' ДОО – Скопје, како изготвувач на истиот. Со таа цел пристапено е кон изготвување на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**.

За предметниот план побаран е: Извод од ГУП за град Штип (2014-2029год.) со бр.18-2101/2 од 22.04.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година, како и планските решенија од Изводот од донесениот Детален урбанистички план зона за образование и работна зона – Пребег со бр.18-2102/2 од 22.03.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.0701-189/1 од 18.02.2003 година кој се однесува за планираниот плански офат како и решенијата од Изводот од соседниот Детален урбанистички план за Измена и дополнување на дел "Индустриска зона" УБ 52 (УМ 1 и 2) со бр.18-2100/2 од 22.03.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.0701-771/1 од 15.04.2024 година и Одлука на Совет на Општина Штип за измена и дополна со бр.07-888/1 од 31.01.2014 година, за изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**.

Детален урбанистички план се изработува врз основа на Член 13 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, е со површина од **3,02ха**, а во рамките на опфатот има важечки планови донесени со Одлука на Совет на Општина Штип и истите се вградени како збирен графички прилог во документационата основа на планот.

Постапката за изготвување **на Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип, ќе се спроведува** согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на градските подрачја претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во урбаните средини.

Концептот на развојот и уредувањето на градските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- намалување и постапно запирање на процесот на депопулација на населбите;
- подобрување на демографската структура и социјалната положба на населението;
- создавање на општествени услови за стопански просперитет на градот и економска сигурност на градското население;
- стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и обезбедување на целосна интеграција на градските населби во системот на населбите во функционалните единици.

Согласно горенаведените законски одредби пристапено е кон изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, со плански опфат со површина од **3,02ха**.

Согласно Извод од ГУП за град Штип (2014-2029год.) со бр.18-2101/2 од 22.04.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година намената на земјиштето и градбите е следна:

- Група на класи на намени:

А и Б – Мешовита класа на намена
(А-Домување и престој)
(Б-Деловни и комерцијални намени)
В – Јавни дејности и институции

3.5 Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат

Предметната планска документација е планирана со Генералниот урбанистички план за град Штип (2014-2019год) донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година, поради што за неговата изработка не е потребна изработка на претходни студии, елаборати и работни материјали.

3.6 Податоци за природни чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат

Градот Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и во близина на главните и поголемите сообраќајни артерии во Републиката и на Балканот. Рељефно поширокиот простор претставува мозаик, орографски доста разигран. Кон север терените се широко отворени по долината на реката Брегалница која е диференцирана од Овче Поле со ридовите Ежово Брдо и Шаренковац, а поврзан со Ежово Поле. Низводно од Штип е ридчест простор во кој се издвојува долината на реката Брегалница и Криволакавичката котлина кон југоисток. Меѓу неа и Вардарската долина како бариера се јавува Серта и Конечка планина, додека на североисток се издигаат огранците на планината Плачковица како највисока во општината и околниот простор. Рељефната структура ја детерминира и поволноста на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени по природно погодните простори (котлини, полиња и долини). Преку Штип поминуваат патни насоки кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија, за што особено погодува отвореноста на Овче Поле. Природните погодни коридори за комуницирање се правците Овче Поле - Кочанско Поле - Делчевско Поле на исток и Овче поле - Криволакавичка котлина - Радовишко Поле на југоисток. Споменатите два насоки како природно погодни места за насочувањето на сообраќајот, на градот Штип му даваат повисок ранг во системот на населбите во Источна Македонија.

3.6.1 Климатски карактеристики

Подрачјето на Штип се карактеризира со умерено-континентална клима и со одредено влијание на изменето-медитеранска преку долината на река Брегалница. Просечна годишна температура на воздухот е 12,9º Целзиусови. Највисока средна месечна температура имаат месеците јули и август (23,8о 108/2016 33º Целзиусови), а најниски месецот јануари (1,4º Целзиусови). Температурните амплитуди се доста изразени, апсолутно максималната температура изнесува 41о Целзиусов (во август), а апсолутно минималната -22.7º Целзиусови (во јануари). Годишно има 72 дена со појави на мраз и тоа најизразени во јануари, февруари и декември. Особено поволен елемент е должината на траењето на сончевиот сјај, 2376,9 часа годишно (Хвар 2.714 часа годишно), или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентацијата на објектите. Подрачјето е сушно со 506,1мм воден талог просечно годишно. За летниот период се карактеристични поројни дождови кои претставуваат одреден проблем за градот. Средногодишна влажност на воздухот во најголем дел на годината изнесува 67%. Маглите се ретка појава, ги има околу 13 дена во годината и тоа во јануари и декември. Доминантни се ветровите од северозападниот и југоисточниот правец. Северозападниот ветер со просечна годишна честина од 196% и брзина од 5,2м/сек се јавува најчесто од јуни до август и од јануари до март. Југоисточниот ветер се јавува со просечна годишна честина од 183%, средногодишна брзина од 6,7м/сек. и тоа најчесто во март, април и ноември.

3.6.2 Релјефни карактеристики

Поширокото подрачје на градот го сочинуваат разновидни морфолошки облици - рамничарски терени на Ежово Поле, делови на котлината на река Бре-галница и Крива Лакавица, ридските терени на планината Серта и Конечка на северозапад и ритчестото подножје на Плачковица на исток. Градот се наоѓа на ерозивното речно проширување на реката Брегалница и Отиња, меѓу ридовите Исарот (395м) и Мерите (420м) од запад, Кумлак (455м) од југ, Каракуш (425м) и ридовите на Плачковица со највисоки точки од 384м, 345м, 339м и 327м, кои од исток го затвараат просторот. Кон север и југозапад по долината на река Бре-галница и северозапад кон Ежово Поле просторот е рамничарски и широко отворен, со надморска висина до 300м. Просторот на Ежово Поле, Пребег, Гладно Поле и Долни Бунар и речното проширување на Брегалница, претставуваат благо забранувано земјиште со многу поволни топографски карактеристики. Подрачјето кон север и исток претставува изразито ридчест предел, испресечен со суводолици и изразени процеси на ерозија. Маркантен белег на просторот му дава текот на реката Брегалница која во северниот дел од подрачјето е рамничарска,во централниот дел навлегува во клисурата помеѓу ридовите Мерите и Исарот, а кон југ повтор-но се јавуваат ерозивни речни проширувања. Во клисурата на река Брегалница од исток се слива реката Отиња. Во подрачјето јасно се издвојуваат три целини: ритчест, падински и рамничарски рељеф. Ритчестите предели се карактеризираат со изразити возвишенија и стрмни страни чии наклони се над 20% и особено неповолни за градба. Во вкупниот анализиран простор заземаат околу 10%, а расположени се јужно и источно од постојното градско ткиво. Падинските терени припаѓаат на ритчестиот простор. Се карактеризираат со поблаги страни, со наклон од 10-20%, релативно неповолни за градба. Заземаат околу 30% од вкупната површина. Рамничарските предели кон југ, запад и север од денешниот град имаат наклон од 0,5-10% и се поволни за развојот на градот. Заземаат најголема површина, околу 60% од вкупната територија на која е вршена анализата.

3.6.3 Сеизмолошки карактеристики

Според инженериско - геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации . Според инжинерско-геолошките карактеристики, а имајќи ја во предвид стабилноста,теренитe се издвоени во: претежно стабилни терени,изградени од гранити и карбонатни стени со постојани физичко-механички својства; претежно условно стабилни терени во кои спаѓаат вулканските палеогени седименти, флишните и алувијално - делувијалните седименти, а поседуваат релативно ниски физичко-механички својства; претежно нестабилни терени со слабо врзани неогени глини, палеогени флишни седименти со ниска вредност на физичко-механичките својства. Според очекуваниот интерес на земјотресите, поширокото градско подрачје припаѓа на зоната до 8о по МЦС скалата, меѓутоа за градба на покрупни инвестициони објекти, а поради сложената сеизмогена состојба на овој простор, неопходни се детални истражувања и сеизмичко микрореонизирање.

3.6.4 Вегетациски карактеристики и пејзаж

Поширокото подрачје на градот припаѓа на регионот на дабови шуми, во најнискиот појас на термофилната заедница од благун и бел габер. Во овој предел шумата се јавува во мали енклави во доловите и на пострмни и посокриени места, деградирана е и преискористена, а нејзината егзистенција е зависна од третманот на заштитата.Во просторот доминираат пасиштата од типот на степи со белези на големо антропогено влијание. Тие претставувале, а и денес се меѓу најважните подрачја за зимска испаша. Флористички се богати, а специфичност им дава присуството на голем број едемни видови. Крајречната вегетација од типот на тополови шуми, покрај река Брегалница, се уште не е истражена. Нејзиното присуство е од особено значење во градското подрачје и неговата околина како тампон зелена зона меѓу индустријата и домувањето и за збогатувањето на пејсажот. Вкупниот впечаток кој од вегетациски аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обезшумен, со доминантно земјоделско обележје и девастирани шумски простори на падинските делови на Плачкивица. Пејсажите во пониските делови на Плачковица се претежно ниски и испресечени со долови. Поради ерозивноста на површините и оголеноста не се особено вредни. Нивната вредност е во поволната експозиција на визури кон Овче Поле и текот на река Брегалница. Пејсажите во повисоките предели на Плачковица се многу поинтересни, а вегетациски, климатски орографски и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетнички простор во општината. Рамничарските пејсажи на Овче Поле се типични аграрни пејсажи, со структура на ниви, лозја и на места овоштарници. Пределот се одликува со специфичности, како што се широки и отворени визури кон Плачковица, Богословец и падините на Осогово. Локалитетот Гладно Поле како делумно издвоена морфолошка структура претставува поинтимен простор затворен со ниски ридчиња од север, исток и запад и отворен кон текот на река Брегалница и левкастото проширување на левиот брег на река Брегалница, “Долни Бунар”. Најинтересни и најзначајни пејсажи во подрачјето на градот се речните текови на река Брегалница и река Отиња. Текот на река Брегалница придонесува кон динамичноста, разноврсноста и збогатување на визуелните и психолошки ефекти во пределот. Текот на река Отиња иако регулиран, а неуреден претставува белег на градот и надвор од него и нуди можности за пејсажно обликување и спорт и рекреација.

3.6.5 Климатски и хидрометереолошки карактеристики

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим.

Тој е резултат на наведените карактеристики на подрачјето, а особено на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Според температурните показатели, подрачјето се одликува со топли лета, со умерено ладни зими, со повремени екстремно ниски и високи температури, зголемено екстремно температурно колебање и со потопла есен од пролет. Ова подрачје всушност има своја локална клима која се одликува со посебен температурен режим. Територијата на Општина Штип спаѓа во подрачја со малку врнежи. Просечното годишно количество

изнесува 472 mm. Во текот на годината, врнежите се нерамномерно распоредени. Главниот максимум е во мај со просечна месечна сума од 63,3 mm, а секундарниот максимум е во ноември, просечно 54,3 mm. Главниот минимум е во август, просечно 29,3 mm, а секундарниот минимум е во февруари, просечно 34,1 mm. Релативно сушни месеци се во периодот јануари, април, јули-септември и декември. Релативно влажни месеци се мај-јуни и октомври-ноември, а највлажен е мај со 45% преку идеалната распределба. Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината постепено се намалува од јануари кон август, а потоа побргу се зголемува од септември до декември. Маглата не е така честа појава, но се јавува скоро во сите месеци, со исклучок во летните и тоа во повеќето случаи како ниска магла. Просечно годишно се јавуваат 14 денови со магла, со максимум во декември и јануари - просечно 4 дена и во ноември - 3 дена. Појавата на град е со незначителна зачестеност, ограничена главно на периодот мај и април, а ретко во јуни и јули. Росата се јавува во сите месеци од годината, но со изразена зачестеност од март до ноември. Сланата е забележителна појава и се јавува од октомври до април. Просечно годишно се јавуваат 44 дена со слана, со максимум во трите зимски месеци, просечно од 8 до 10 дена, потоа во март и ноември просечно по 6 дена. Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s., се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Испарувањето во овој регион е со најголеми вредности во целата земја. Просечното годишно испарување изнесува 1.246 литри од 1 m^2 слободна водена површина.

3.6.6 Хидролошки карактеристики

Штип лежи на устието на река Отиња во река Брегалница. Река Брегалница со проток 17,9 м3 /сек е главен рецепиент на водите во ова подрачје. Горниот речен тек е рамничарски со големи меандри, во средишниот дел на подрачјето формира типична клисура сечејки една греда од гранитните карпи, а низводно од клисурата кон југ, се јавува големо ерозивно проши-рување. Реката Отиња (0,16м3 /сек) извира од планината Плачковица, прима неколку водотека узводно од Штип и се влева во река Брегалница на 262м надморска височина. Има карактер на пороен водотек, со големи води и голем можен пороен материјал. Коритото на река Отиња е регулирано во должина од 1600м низ градското подрачје. Поблиското подрачје на градот е сиромашно со природни извори на вода. Се среќава само еден извор со издашност од 1л/сек.. Југоисточно од градот, на десниот брег на река Брегалница има појава на термални води, во локалитетот Кежовица и Л'џи. Изворите во обата локалитета имаат мала издашност 1-1,5л/сек со температура од 52-60 степени, а во бушотините е добиен капацитет од 20л/сек. Локалитетот Кежовица денес е бањско рекреативен центар. Во подрачјето се среќаваат 14 суводолици со пороен карактер кои сеуште не се регулирани. Расположени се претежно во североисточниот дел на поширокото подрачје на градот. Подземните води не се целосно истражени и нивните карактеристики не се

познати,освен во локалитетите Фортуна, Штипско езеро и Рибнички Чешми кои се користат за водоснабдување. Локалитетите се во непосредна близина на река Брегалница,поради што нивото на подземните води е во зависност од нивото на речниот тек. Откако е изградена акумулацијата Калиманци на река Брегалница нема појава на поплави. Се претпоставува дека акумулацијата ќе оневозможи појава на плавење од максимални 25 и 100 годишни води, а можното излевање на река Брегалница е во нејзиното инундационо корито. Иако реката Отиња е регулирана во подрачјето на градот,може да се излие при големи води, поради голема акумулација на носен материјал. Поради тоа неопходна е регулација и санирање на целиот речен тек, а истовремено и превземање на соодветни биолошки мерки.

3.6.7 Еколошки карактеристики - податоци за заштитени природни блага

Градот Штип веројатно е еден од ретките градови во Републиката во кој смог скоро и да нема. Најголем допринос за ваквата состојба е непостоење на загадувачка индустрија и отсуство на тешка индустија а домонантниот штипски ветер кој е присутен многу често помага во проветрувањето на градот. Општата состојба на животната средина, во споредба со состојбите од пред 10-15 год. сигурно е во полоша состојба. Ова произлегува од фактот дека сигурно е зголемен бројот на изворите на чад и гасови; зголемен е бројот на сите видови на моторни возила; зголемен е бројот индивидуалните ложишта... Сето ова допринрсува чистотата на воздухот во рамките на потесното градско подрачје да станува се по проблематична. Метеоролошката станица лоцирана на запад во месноста викана Каленица непосредно до концентрираната работна зона, е синоптичка, т.е. ги прати само метеоролошките појави а не и состојбите со загадувањето на животната средина. Во последните неколку години, во рамките на градското подрачје направени се доста интревенции на планот на модернизација на проширување на градската канализација. Изградени се позначајните колектори и ставени во употреба, со тоа состојбата во гртадот од овој аспект е мошне подобрена, смалени се можностите за загадување на подземните води, за загадување на водата во градскиот водоводен систем и за загадување на површинските води. Мегутоа заради непостоење на пречистителна станица, зголемениот волумен на отпадни води неконтролирано се испушта во Брегалница во западниот дел од градот, каде повеќекратно се влошени условите во поглед на загадување на околината за сметка на санација на станбените делови. Водата за пиење, се прочистува во прочистителна станицафабриката за чиста вода, истата постојано се контролира преку надлежните организации, во поглед на бактериолошка и хемиска чистота. Извориштата за хигиенската вода се подземни, Комуналната организација “Исар” се грижи за спазување на чистотата на извориштата од кои се прибира водата. Градското и вонградското зеленило, кое се смета за организирано, како И другите слободни и неизградени површини, не се одржуваат на потребното ниво, така да претставуваат значителен извор на прашина: и онака оскудните јавни зелени површини постепено се подјадуваат било со поставување на привремени објекти (бараки, киосци, па дури и кафулиња) и пристапи и манипулативни површини околу нив, било со предлози за инфилтрирање на градежни објекти во зелени неизградени површини, со образложение дека соодветните содржини се комплементарни на зеленилото. Односот на граѓаните кон зеленилото е на незадоволително ниво- на очајно низок степен. Доказ за тоа е комплетното наше

окружување: улиците и другите јавни површини кои наликуваат на отворени депонии за секакви отпадоци и ѓубре а да не зборуваме за просторуите околу градот надвор од урбанизираниот простор кој егзистира. Кон тоа секако допринесува и недоволното ангажирање на комуналните организации и активноста на комуналните инспектори.

3.7 Податоци за создадени чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој

Податоци за создадени вредности и чинители Планската документација за просторот кој го опфаќа **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип** е на терен кој што е претежно градежно изграден. Од анализата на постојната состојба произлегуваат следните заклучоци:

Просторот во најголем дел е градежно изграден. При обиколка на теренот, забележани се следните состојби:

- Во рамките на предметниот простор објектите се во средна и добра состојба;
- Уличната мрежа е делумно оформена со постоечки булевар со коловоз и тротоари, а на секундарната мрежа има делници кои не се оформени и не се појавуваат асфалтирани коловози и тротоари.
- Пристапите се со променлива широчина, а и материјализацијата на истите е различна;

Сообраќајно планскиот опфат е дефиниран. До просторот на планскиот опфат има постојни асфалтирани улици, кои поминуваат по границите на планскиот опфат.

Во рамки на планскиот опфат сообраќајната мрежа ја сочинуваат улици од примарната улична мрежа и тоа собирни улици и сервисни улици.

За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;

Од сите овие аспекти потребно е да се пристапи кон изготвување на планската документација - **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип за наредниот период 2024-2029 година**.

3.7.1 Намена на земјиштето

Според анализата на постојната состојба, најголемиот дел од земјиштето во рамките на планскиот опфат е изградено. Неизграденото земјиште е во најголем дел неуредено и запуштено.

Останатиот дел од земјиштето е во најголема мерка со намена домување и престој.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД СЗ.06 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА - ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ			
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА (м²)**	**ПОВРШИНА (ха)**	**ПРОЦЕНТ %**
Н3 (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	18286,86	1,83	60,55
В1.1 (ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ)	334,51	0,03	1,11
В1.3 (ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ	2657,03	0,27	8,80
В2 (ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА)	799,55	0,08	2,65
Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)	502,21	0,05	1,66
Е1.1 (УЛИЧНА МРЕЖА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)	7623,48	0,76	25,24
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ:	**30203,64**	**3,02**	**100,0**

3.7.2 Инвентаризација на градежен фонд

Со увид на терен земени се податоци за:

- градежниот фонд (конструкција, катност, намена и состојба на објектите);
- катастарските парцели (граници, големина, уреденост, обработка на слободниот простор и сл.);
- улична мрежа и пристапи (ширина, обработка, состојба);
- друга инфраструктура (водовод, канализација, електро-енергетска мрежа и објекти, топлификација и др.);
- простори и содржини од јавен интерес.

Сите резултати од состојбата на терен се систематизирани и прикажани во табели и графички прилози.

Со анализа на табеларно прикажаните податоци, извршена е нивна детална обработка и класификација на добиените податоци при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, дистрибуција на јавни функции и друго.

Во целиот плански опфат обележани се според намена на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини и графички е прикажана во размер 1:1000, односно согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и изработен е **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, со дисперзна просторна диспозиција.

За целиот плански опфат добиени се основните урбанистички показатели кои табеларно се средени:

Земјиштето на предметниот простор со површина од **3,02 ха** и е ангажиран воглавно со основна класа на намена **В1** – Образование и **В2** - здравство и социјална заштита.

На теренот во постојните КП присутни се градби со следната намена:

- **Н3** – Неизградено земјиште е најзастапено и е околу 60,55%,

- **В1.1 –** Основно образование застапени се со 1,11% од сите присутни градби,
- **В1.3 –** Високо обрзование застапени се со 8,80% од сите присутни градби,
- **В2 –** Здравство и социјална заштита застапени се со 2,65% од сите присутни градби
- **Д2.1 –** Линиско сообраќајно зеленило застапени се со 1,66% од сите присутни градби
- **Е1.1 –** Улична мрежа, тротоари, пешачки патеки и јавни паркинзи застапени се со 25,24% од сите присутни градби

Предметниот опфат е со површина од **3,02 ха**. Во границите на опфатот се регистрирани 6 објекти, со намена **В1.1** – Основно образование, **В1.3** – Високо обрзование, **В2** – Здравство и социјална заштита . Во однос на катноста, во рамките на планскиот опфат доминираат објекти со следната катност, П, П+1.

Најголемиот дел од објектите во предметниот локалитет се во добра состојба на одржаност. Притоа, треба да се напомене дека и покрај добрата состојба на одржаност, објектите се градени планско, изведбата е со армирано-бетонски скелетен систем и истите главно ги задоволуваат современите стандарди за уредување на просторот. Во однос на конструкцијата, доминираат објектите изведени со армирано-бетонски скелетен систем на градба, кој се смета за поволен за асеизмички подрачја на градба.

Исто така, кај повеќе објекти се забележани интервенции во вид на доградби и надградби.

Преку анализа на податоците добиени од теренските снимања, добиени се следниве параметри за постојната состојба:

- број на објекти: 6
- површина на објекти: 3791,42 m²
- вкупна изградена површина (на сите нивоа): 7582,85 m²
- број на домаќинства: 0
- број на жители: 0

ДЕЛ ОД БЛОК С3.06									
Катастарска парцела	Вкупна површина на катастарска парцела во (m2)	Бр. на градба/објект	Намена на градба	Површина на градба во основа (m2)	Висина на градба (m1)	Катност	Развиена површина по катови (m2)	Конструкција	Состојба
КП 8005	283	06.01	В1.1 - Основно образование	127,08	H=4.20m	П	254,17	скелетна	добра
КП 8005	283	06.02	В1.1 - Основно образование	156,33	H=4.20m	П	312,66	скелетна	добра
КП 8006/2	3356	06.03	В1.1 - Основно образование	51,09	H=4.20m	П	102,19	скелетна	добра
КП 8134/1	13632	06.04	В1.3 - Високо образование	555,21	H=6.00m	П	1110,41	скелетна	добра
КП 8134/1	13632	06.05	В1.3 - Високо образование	2101,82	H=12.00m	П+1	4203,64	скелетна	добра
КП 8136/4	3365	06.06	В2 - Здравство и социјална заштита	799,89	H=7.20m	П+1	1599,79	скелетна	добра
ВКУПНО:			/	3791,42	/	/	7582,85	/	/

При инвентаризација на просторот за кој се изработува **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, добиени се основните основните урбанистички показатели кои се табеларно изразени во следните табели:

СОСТОЈБА НА ОДРЖАНОСТ		
состојба на одржаност	**број на објекти**	**процент на застапеност**
добра	6	100%
средна	0	0%
лоша	0	0%
ВКУПНО:	**6**	**100%**

КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ		
конструктивен систем	**број на објекти**	**процент на застапеност**
скелетна констукција	6	100%
челична конструкција	0	0%
бондручна конструкција	0	0%
ВКУПНО:	**6**	**100%**

3.7.3 Демографија

Според добиените теренски податоци за предметниот локалитет, утврдени се 0 домаќинства, со вкупно 0 жители.

ДЕМОГРАФИЈА				
Класа на намена	**Бруто развиена површина во (m2)**	**Број на домаќинства**	**Број на жители**	**Густина на населеност ж/ха**
А1 - Куќи за домување	0,00	0	0	0
А2 - Станбени згради	0,00	0	0	0
ВКУПНО:	**0,00**	**0**	**0**	**0**

Бројот на жители е пресметан на следниот начин:
За класа на намена **А1** пресметано е 0 жители/m^2 од бруто изградена површина
За класа на намена **А2** пресметано е 0 жители/m^2 од бруто изградена површина

Густината на население во рамките на опфатот изнесува жители/хектар (пресметано врз основа на површина на плански опфат P = 0ха).

3.7.4 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

3.7.4.1 Сообраќај

Самиот плански опфат, односно Блок СЗ 03.06, сообраќајно е поврзан со останатиот дел од градот преку постојните улици и тоа: Градска магистрала ул.Гоце Делчев со профил на сообраќајница (тротоар 5,00m – коловоз 14,00m – зеленило 5,00 m -тротоар 5,00m) која го тангира планскиот опфат од источна страна. Низ планскиот

опфат се забележуваат и улици со делумно формиран сообраќаен профил и дел од нив се асфалтирани, а дел се само тампонирани со неоформен сообраќаен профил, коловоз без тротоари или целосно земјена подлога.

Од вкупната површина на овој плански опфат, од 7623,48m2 или 25,24% му припаѓа на постојната сообраќајна инфраструктура (улична мрежа, тротоари, пешачки патеки и јавни паркинзи) која е присутна и го опслужува опфатот и поширокота околина.

3.7.4.2 Хидротехничка и комунална инфраструктура

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип, е со површина од **30203,64m² (3,02xa)**.

Во поголемиот дел од планскиот опфат каде постојат веќе изградени градби во постоечките КП каде има изградено објекти и истите функционираат, во планскиот опфат присутна е развиена хидротехничка инфраструктура која би била основа за нов плански развој. Истата треба да се планира се со цел да се створат реални санитано хигиенски услови за потребата на граѓаните, а воедно целосно да се заштити непосредната средина.

Водовод

Според добиените податоци од ЈП ,,ИСАР'' – со бр.15-131/2 од 18.09.2024 година во планскиот опфат има водоводна инсталација која поминува покрај и во самиот плански опфат. Низ планскиот опфат поминува водоводна мрежа со профил од Ф90, и Ф63. Во зависност од потребите на станбените, деловните и јавните објекти, како и за потребите од противпожарна вода, понатаму е потребно планирање на дополнителни количини на вода. Доколку при планирањето и изведбата се наиде на инсталации кои е потребно да се изместат од постоечката позиција потребно е да се изработи техничко решение кое ќе се ревидира и одобри од ЈП ИСАР –Штип, а ќе се изведе на трошок на Инвеститорот. Истата ќе се обезбеди од градската водоводна мрежа, како и од сопствени бунари.

Фекална канализација

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.06 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА - ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА (м²)	ПОВРШИНА (ха)	ПРОЦЕНТ %
Н3 (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	18286.86	1.83	60.55
В1.1 (ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ)	334.51	0.03	1.11
В1.3 (ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ	2657.03	0.27	8.80
В2 (ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА)	799.85	0.08	2.65
Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)	502.21	0.05	1.66
Е1.1 (УЛИЧНА МРЕКА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)	7623.48	0.76	25.24
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ:	30203.84	3.02	100.0

Р.бр.	X	Y
1	4623245.97	7598955.54
2	4623105.79	7599002.91
3	4623096.62	7599004.31
4	4623085.51	7599006.16
5	4623081.22	7598982.22
6	4623079.18	7598979.29
7	4623071.74	7598968.60
8	4623054.00	7598943.13
9	4623053.12	7598941.91
10	4623051.37	7598939.45
11	4623067.16	7598890.82
12	4623086.44	7598870.31
13	4623116.87	7598858.31
14	4623139.90	7598840.64
15	4623145.08	7598835.86
16	4623185.54	7598779.19
17	4623216.00	7598746.03
18	4623219.07	7598742.70
19	4623222.63	7598747.53
20	4623234.88	7598763.60
21	4623239.96	7598770.29
22	4623251.66	7598784.53
23	4623263.55	7598800.14
24	4623268.50	7598806.65
25	4623284.36	7598827.03
26	4623243.76	7598860.47
27	4623217.48	7598882.13
28	4623212.81	7598885.97
29	4623212.22	7598885.74
30	4623200.33	7598895.42
31	4623222.76	7598925.86
32	4623234.56	7598940.95

ДЕЛ ОД БЛОК С3.06

Катастарска парцела	Вкупна површина на катастарска парцела во (m2)	Бр. на градба/објект	Намена на градба	Површина на градба во основа (m2)	Висина на градба (m1)	Катност	Развиена површина по катови (m2)	Конструкција	Состојба
КП 8005	283	06.01	В1.1 - Основно образование	127.08	H=4.20m	П	254.17	скелетна	добра
КП 8005	283	06.02	В1.1 - Основно образование	156.33	H=4.20m	П	312.66	скелетна	добра
КП 8006/2	3356	06.03	В1.1 - Основно образование	51.09	H=4.20m	П	102.19	скелетна	добра
КП 8134/1	13632	06.04	В1.3 - Високо образование	555.21	H=6.00m	П	1110.41	скелетна	добра
КП 8134/1	13632	06.05	В1.3 - Високо образование	2101.82	H=12.00m	П+1	4203.64	скелетна	добра
КП 8136/4	3365	06.06	В2 - Здравство и социјална заштита	793.80	H=7.20m	П+1	1599.79	скелетна	добра
ВКУПНО:			/	3791.42	/	/	7582.85	/	/

ДЕМОГРАФИЈА

Класа на намена	Бруто развиена површина во (m2)	Број на домаќинства	Број на жители	Густина на населеност ж/ха
А1 - Куќи за домување	0.00	0	0	0
А2 - Станбени згради	0.00	0	0	0
ВКУПНО:	0.00	0	0	0

СОСТОЈБА НА ОДРЖАНОСТ

состојба на одржаност	број на објекти	процент на застапеност
добра	6	100%
средна	0	0%
лоша	0	0%
ВКУПНО:	6	100%

КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ

конструктивен систем	број на објекти	процент на застапеност
скелетна конструкција	6	100%
челична конструкција	0	0%
бондручна конструкција	0	0%
ВКУПНО:	6	100%

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОДДУП ЗА ДЕЛ ОДБЛОК С3.06 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА, ПРЕТПЕДНА ПОВРШИНИ И ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА НИВО НА ОПФАТ

БЛОК БРОЈ	Н3 (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)		В1.1 (ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ)		В1.3 (ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ)		В2 (ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА)		Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)		Е1.1 (УЛИЧНА МРЕКА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)		ВКУПНО	
	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)
ДЕЛ ОД С3.06	18286.86	60.55	334.51	1.11	2657.03	8.80	799.85	2.65	502.21	1.66	7623.48	25.24	30203.84	100.00
ВКУПНО:	18286.86	60.55	334.51	1.11	2657.03	8.80	799.85	2.65	502.21	1.66	7623.48	25.24	30203.84	100.00

ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2024-2029 ГОДИНА)

ЛЕГЕНДА:

- РЛ — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P= 3,02 ха
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ПО ГУП НА ГРАД ШТИП
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- 06.01 — НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЧЕКИ ОБЈЕКТ)
- В1.1 — НАМЕНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- H=4.20m — ВИСИНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- П — КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- ДЕЛ ОД С3.06 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- В2 — НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

НАМЕНА:


- Н3 — Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- В1.1 — В1.1 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
- В1.3 — В1.3 - ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ
- В2 — В2 - ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
- Д2.1 — Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈ:

- АСФАЛТЕН ПАТ
- ТРОТОАРИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

ЗЕЛЕНИЛО

- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО



ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И УСЛУГИ ПЛАН ДИЗАЈН ДОО - СКОПЈЕ

PLAN dizajn drawing office

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД


ЦРТЕЖ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.06, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

ПЛАНЕРИ:
КИРИЛ ДИМЕСКИ, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0626
МАРТИНА ДИМЕСКА, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0667
ОЛИВЕРА СИМОВСКА-НАКА, д.и.а. бр.овл.0.0402
ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0119
УПРАВИТЕЛ: АЛЕКСАНДАР ДИМОВСКИ, Д.И.А.

ИВЕСТИТОР: ЕЛС ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ.БР. 226/26	05.2026	3
М = 1:1 000	ФАЗА: (У)	ЛИСТ БР:



Р.бр.	X	Y
1	4623245.97	7598955.54
2	4623105.79	7599002.91
3	4623096.62	7599004.31
4	4623085.51	7599006.16
5	4623081.22	7598982.22
6	4623079.18	7598979.29
7	4623071.74	7598968.60
8	4623054.00	7598943.13
9	4623053.12	7598941.91
10	4623051.37	7598939.45
11	4623067.16	7598890.82
12	4623086.44	7598870.31
13	4623116.87	7598858.31
14	4623139.90	7598840.64
15	4623145.08	7598835.86
16	4623185.54	7598779.19
17	4623216.00	7598746.03
18	4623219.07	7598742.70
19	4623222.63	7598747.53
20	4623234.88	7598763.60
21	4623239.96	7598770.29
22	4623251.66	7598784.53
23	4623263.55	7598800.14
24	4623268.50	7598806.65
25	4623284.36	7598827.03
26	4623243.76	7598860.47
27	4623217.48	7598882.13
28	4623212.81	7598885.97
29	4623212.22	7598885.74
30	4623200.33	7598895.42
31	4623222.76	7598925.86
32	4623234.56	7598940.95

ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2024-2029 ГОДИНА)

ЛЕГЕНДА:

- РЛ — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P= 3,02 ха
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ПО ГУП НА ГРАД ШТИП
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- 06.01 — НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧЕКИ ОБЈЕКТ)
- В1.1 — НАМЕНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- H=4.20m — ВИСИНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- П — КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- ДЕЛ ОД С3.06 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- В2 — НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

НАМЕНА:

- Н3 — Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- В1.1 — В1.1 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
- В1.3 — В1.3 - ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ
- В2 — В2 - ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
- Д2.1 — Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈ:

- АСФАЛТЕН ПАТ
- ТРОТОАРИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

ЗЕЛЕНИЛО

- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД - ПОСТОЕЧКИ
- 0,4kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД - ПОСТОЕЧКИ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА КАБЕЛСКИ ВОД
- 10(20)/0,4kV ТРАФОСТАНИЦА - ПОСТОЕЧКА

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА - ПОСТОЕЧКА

ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА - ПОСТОЕЧКА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПОСТОЕЧКА

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО:

- АЦВ 380 мнв. — МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА НА ГРАДБА

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И УСЛУГИ ПЛАН ДИЗАЈН ДОО - СКОПЈЕ

PLAN dizajn drawing office

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФИЗИЧКА СУПТАСТРУКТУРА

ЦРТЕЖ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.06, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

ПЛАНЕРИ:
КИРИЛ ДИМЕСКИ, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0626
МАРТИНА ДИМЕСКА, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0667
ОЛИВЕРА СИМОВСКА-НАКА, д.и.а. бр.овл.0.0402

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0119

УПРАВИТЕЛ: АЛЕКСАНДАР ДИМОВСКИ, Д.И.А.

ИВЕСТИТОР: ЕЛС ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ.БР. 226/26	05.2026	4
М = 1:1 000	ФАЗА: (У)	ЛИСТ БР.

4. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1 Вид на планот, назив и подрачје на планскиот опфат и плански период

Со планската документација се изработува **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип.**

Планската документација е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25), согласно Член 31 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), со таа цел пристапено е кон изработка на Детален урбанистички план.

Површината на планскиот опфат до сега е опфатена со ГУП на град Штип (2019-2029 година) донесен со Одлука на Совет на град Штип со бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. За предметниот плански опфат издаден е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-2101/2 од 22.04.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година за изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип**.

4.2 Површина и граница на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип,** со својата местоположба припаѓа во општина Штип. Вкупната површина на Општина Штип изнесува 22,92km^2, површината на ГУП за Град Штип (2019-2024 година) изнесува 22922800m^2 или вкупно 2292,28ха, а вкупната површина на опфатот за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип,** изнесува **30203.62m^2** или вкупно **3,02ха**.

Планот го опфаќа делот од градската Четврт С3, Блок С3.06 од ГУП за град Штип (2019-2024 година) на град Штип или поточно северо-западниот градежен реон од градот Штип, додека самата граница на планскиот опфат е одредена со површината населена со градско население заедно со локациите за функциите кои се потребни за уредување на место.

Бидејќи се работи за локација за која е лоцирана во ГУП за град Штип побаран е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-2101/2 од 22.04.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година.


Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански опфат зафаќа површина од **3,02ха** и со својата местоположба се наоѓа во КО Штип 5, Општина Штип.

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улиците:

- **На исток,** се движи по осовината на собирната улица ул. Гоце Делчев

- **На запад,** ја сечи КП 8132/1, ја сечи КП 8135/1, ја сечи КП 8135/3, ја сечи КП 8294/6, ја сечи КП 8135/2
- **На север,** се движи границата на КП 8132/1, се движи по границата на КП 8005, се движи по границата на КП 8006/1, се движи по границата на КП 8134/1 и ја сечи КП 1386/1
- **На југ,** се движи по границата на КП 8136/6 и ја сечи КП 1386/1

Опфатот е дефиниран со точки по Y и X оската со реден број почнувајчи од 1 до 32 кои се табеларно прикажани:



Р.бр.	X	Y
1	4623245.97	7598955.54
2	4623105.79	7599002.91
3	4623096.62	7599004.31
4	4623085.51	7599006.16
5	4623081.22	7598982.22
6	4623079.18	7598979.29
7	4623071.74	7598968.60
8	4623054.00	7598943.13
9	4623053.12	7598941.91
10	4623051.37	7598939.45
11	4623067.16	7598890.82
12	4623086.44	7598870.31
13	4623116.87	7598858.31
14	4623139.90	7598840.64
15	4623145.08	7598835.86
16	4623185.54	7598779.19
17	4623216.00	7598746.03
18	4623219.07	7598742.70
19	4623222.63	7598747.53
20	4623234.88	7598763.60
21	4623239.96	7598770.29
22	4623251.66	7598784.53
23	4623263.55	7598800.14
24	4623268.50	7598806.65
25	4623284.36	7598827.03
26	4623243.76	7598860.47
27	4623217.48	7598882.13
28	4623212.81	7598885.97
29	4623212.22	7598885.74
30	4623200.33	7598895.42
31	4623222.76	7598925.86
32	4623234.56	7598940.95

4.3 Стретешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, планови од повисоко ниво и документација релевантна за планскиот опфат

За планскиот опфат на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, релевантни се следните планови од повисоко ниво:

Појдовна точка во оформувањето на планскиот концепт претставува оформувањето на целосно дефинирана зона со мешана намена, што се надоврзува на создадените услови за промени и осовременување на предметниот локалитет, како и планерските концепти засновани на постојната законска регулатива.

Со Урбанистичкиот план за предметниот локалитет, испочитувана е намената на просторот дефинирана со Генералниот урбанистички план на град Штип 2019-2019.

- **ГУП на град Штип, 2019-2029 година (**донесен со Одлука на Совет на град Штип со бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.**) Според наведената планска документација на предметниот простор се предвидува следните основни класи на намена:**

  А и Б – Мешовита класа на намена
  (А - Домување и престој)
  (Б -Деловни и комерцијални намени)
  В – Јавни дејности и институции

Сообраќајното решение е усогласено со потребите на корисниците на просторот, како и со Генералниот урбанистички план на град Штип со кој е дефинирано сообраќајното поврзување на градската четврт со останатите делови на градот.

Согласно актуелната важечка регулатива и номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како и во согласност со одобрената Планската програма, планираните намени на земјиштето се следниве:

А – Домување и престој

А2.1 – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули

В – Јавни институции

В1.3 – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта

В2.4 – Општи и специјални болници од екундарната здравствена заштита

Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори

Д1.1 – Јавни градски паркови, зелени скверови

Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

Е – Инфраструктура

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (улици, велосипедски патеки, паркинзи и тротоари)

4.4 Цели на урбанистичкиот план

Задача на планската документација е изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип**, за плански период 2024-2029 година, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво (ГУП на град Штип 2019-2029);
- Усогласување на Деталниот урбанистички план со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;

За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:

- Заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
- Заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
- Движење на лица со посебни потреби;
- Урбано зеленило и озеленетост;

- Други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата;
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.
- Класите на намени се дадени со кратенки впишани на самата парцела во графичкиот прилог и во табелите со урбанистички показатели за секоја парцела поединечно, на ниво на блок и на ниво на плански опфат.
- Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите.

Со предложеното решение се создаваат услови за расчистување на дотраените објекти и формирање на современа урбанистичка целина.

- Во зоната за домување максимално е внимавано на почитување на постојната парцелација. Предвидениот концепт претставува градба на објекти во оформени градежни парцели и систем на градба со оформување на објекти со изедначена висина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат станбена улица ул.СТ-1 се предвидени нови станбени објекти А2.1 со катност П+6 за ГП 06.03 .
- Во зоната на образование предвидениот концепт претставува градба на објекти во оформени градежни парцели и систем на градба со дооформување на постоечките објекти со изедначена висина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат сервисната улица ул.СЕ-1, ул.СЕ-2 и ул.СЕ-3 се предвидени објекти В1.3 со катност П+2 за ГП 06.01.
- Во зоната на здравство и социјална заштита предвидениот концепт претставува градба на објекти во дооформени градежни парцели и систем на градба со дооформување на постоечките објекти со изедначена висина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат собирната улица Гоце Делчев се предвидени објекти В2.4 со катност П+2 за ГП 06.02.
- Во зоната на парковско и пејзажно зеленило, односно линиско сообраќајно зеленило предвидениот концепт претставува парковска површина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат станбена улица ул.СТ-1 и собирната улица Гоце Делчев се предвидени озеленети простори со високо и ниско зеленило лисниско сообраќајно заштитно зеленило.

Длабочината на површините за градба е дадена во зависност од длабочините на дворните места, како и од можностите за квалитетно архитектонско решавање на становите во објектите. Урбанистичкиот план за овој локалитет овозможува сообраќајно поврзување до секоја парцела, односно објект.

4.5 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој

Во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и Закон за урбано зеленило (СЛ Весник на РСМ бр.11/18 и 42/20) извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови .

Со предложеното решение се создаваат услови за дооформување на постоечките објекти и формирање на современа урбанистичка целина.

Планскиот концепт се развива во насока на овозможување на реални услови за реализација на планираната намена, валоризација на вредноста на градежното земјиште и креирање на квалитетна урбана срдина која ќе одговри на потребите на градот.

4.6 Опис и образложение на планските решенија за изградба и наменска употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, собраќајна и комунална инфраструктура

Планскиот опфат опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:
- парцелирано градежно земјиште (градежни парцели); и
- земјиште за општа употреба (комунална инфраструктура и заштитно зеленило).

Во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и Закон за урбано зеленило (СЛ Весник на РСМ бр.11/18 и 42/20) извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови.

4.6.1. Парцелирано градежно земјиште

Градежното земјиште во рамките на регулационите линии е поделено на градежни парцели, кои претставуваат основни единици за изградба чиишто граници се прикажани во графичките прилози на урбанистичкиот план. Градежните парцели се нумерирани со двочлена номенклатура така што првиот број го означува бројот на блокот, а вториот број ја означува градежната парцела. На пример, ознаката 06.01 значи: Блок 06, парцела 01. За секоја градежна парцела поединечно се утврдени намената на земјиштето, површината за градба, вкупната изградена површина, максималната височина за градење и катноста, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, минималниот процент на озеленување, потребниот број паркинг места и други услови за изградба.

Согласно дефинираните намени и наведените услови од Генереалниот урбанистички план за град Штип 2019-2029, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) во границите на планскиот опфат дефинирани се градежни парцели со следните намени:

А – Домување и престој

А2.1 – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули

В – Јавни институции

В1.3 – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училиште

В2.4 – Општи и специјализирани болници од секундарната здравствена заштита

При определувањето на намената кај парцелираното градежно земјиште, за градежните парцели од класата на намени **А** – Домување и престој и **В** – Јавни институции.

Во рамки на градежните парцели предвидено е функционирање на основната класа на намена, комплементарни и компатибилни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:

- Треба да бидат дополнување на основната намена;
- Треба да се во функција исклучиво за остварување на основната намена;
- Се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- Не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат намената, туку само да го збогатуваат

просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање, при што една од намените се утврдува како основна, додека останатите компатибилни намени можат да бидат присутни со најмногу **40%**. Компатибилните намени се утврдени за секоја градежна парцела поединечно и се дадени во табеларните прилози и условите за изградба.

Заради конзистентност со важечкиот план кој се изменува, максималната височина за градење е зададена како висина до горниот венец која се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри за станата на површината за градење која гледа кон лицето на парцелата.

Над горниот венец дозволено е оформување на кровната конструкција, при што максималната височина на слемето е 4,50m во однос на горниот венец. Крововите можат да бидат коси, мансардни или рамни, при што косите кровови имаат најголем наклон од 35 степени, мансардните имаат најголем наклон од 60 степени кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија, а рамните кровови имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата под агол од најмногу 60 степени и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата.

Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90m, а за деловна дејност 3,40m. Во вкупниот број на катови не влегува и поткровјето, односно катот кој е дозволено да се оформи во рамките на дозволената кровна силуета. Со оглед на тоа што за објектите со намена А2.1 – Станеби зградиslободностоечки блокови и кули со важечкиот план е утврдена катност П+6, за истите во овој детален урбанистички план истата е презентирана како П+6, во согласност со Член 124 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Висинската кота на приземната плоча (нултата плоча) се уредува во однос на котата на тротоарот. За објекти за домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, максималната висина на нултата плоча изнесува 1,20m, а за сите градби чија градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите е Б – Комерцијални и деловни намени, треба да е 15cm.

4.6.2. Земјиште за општа употреба

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните поединечни основни класи на намени:

Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори

Д1– Парковско и пејзажно зеленило

Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

Е – Инфраструктура

Е1.1 – Примарна и секундарна улична мрежа

4.6.3. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајното поврзување со централното градско подрачје и останатите делови од градот, локалитетот го остварува преку сообраќајниците од примарната сообраќајна мрежа и тоа Собирна улица ул.Гоце Делчев, Сервисна улица ул.СЕ-1, Сервисна улица ул.СЕ-2, Сервисна улица ул.СЕ-3 и Станбена улица ул.СТ-1. Трасите и попречните профили на сообраќајниците од примарната сообраќајна мрежа се дефинирани со ГУП на градот Штип и како такви се аплицирани во **ДУП за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип**, а останатите се превземени од важечката планска документација согласно Член 97 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Со **ДУП за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип** се предвидува целосно редефинирање на секундарната сообраќајна мрежа во блокот како резултат на предвидените морфолошки промени во неговите рамки, како и нејзино усогласување со решенијата од плановите од повисоко ниво.

Димензиите на станбените улици се усогласени со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). Со планското решение е овозможена максимална проточност на сообраќајот секаде каде тоа е можно, а бројот и должината на слепите пристапни улици е сведена на неопходниот минимум.

Сообраќајниците, со своите радиуси, ширини на коловоз и тротоари се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Во локалитетот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот план се опфатени следниве категории на улици:

- Собирна улица ул.Гоце Делчев
- Сервисна улица ул.СЕ-1
- Сервисна улица ул.СЕ-2
- Сервисна улица ул.СЕ-3
- Станбена улица ул.СТ-1

Улиците во рамките на локалитетот ги имаат следниве попречни профили:

1. **Собирна улица ул.Гоце Делчев**
   - коловоз 2,00 x 10,50m (6x3,5 m)
   - тротоари 2,00 x 5.00m
   - сообраќајно зеленило 2,00x5,00 m

     вкупно 36,00m

2. **Сервисна улица ул.СЕ-1**
   - тротоар 1,00 x 2,40m
   - коловоз 2,00 x 3,00m
   - паркинг 1,00 x 5,00m
   - тротоар 1,00 x 2.40m

   вкупно 15,80m
3. **Сервисна улица ул.СЕ-2**
   - тротоари 2,00 x 2,40m
   - коловоз 2,00 x 3,00m

   вкупно 10,80m

4. **Сервисна улица ул.СЕ-3**
   - тротоар 1,00 x 2,40m
   - паркинг 1,00 x 5,00m
   - коловоз 2,00 x 3,00m
   - паркинг 1,00 x 5,00m
   - тротоар 1,00 x 2.40m

   вкупно 20,80m

5. **Станбена улица ул.СТ-3**
   - тротоари 2,00 x 2,40m
   - коловоз 2,00 x 3,00m

   вкупно 10,80m

ПОДЕЛБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ С3.06		
ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА	СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА	
СОБИРНИ УЛИЦИ	СЕРВИСНИ УЛИЦИ	СТАНБЕНИ УЛИЦИ
СОБИРНА УЛИЦА - УЛ.ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ	СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛ. СЕ-1	СТАНБЕНА УЛИЦА - УЛ. СТ-1
	СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛ. СЕ-2	
	СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛ. СЕ-3	

Пристапот за возила до парцелите е обезбеден преку станбените улици.

Се предвидува оформување на постојната уличната мрежа во склад со важечката законска регулатива.

При планирањето на сообраќајната мрежа во локалитетот обрнато е внимание истата да биде колку што е можно попроточна, со планирање на слепи улици само таму каде што условите на терен (парцелација на земјиштето и сл.) не овозможуваат поинакво планско решение.

4.6.4. Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно дефинираната намена на земјиштето и нормативните акти од дел 9 - Стационарен сообраќај (Член 127, 128, 129, 130, 131, 132,

133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

При утврдувањето на потребниот број на паркинг места во овој детален урбанистички план се применети нормативите дадени во Член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). Потребниот број на паркинг места во однос на намената изнесува:

- За намени **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите;
- За намена **В1.3** – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите;
- За намена **В2.4** – Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите;
- За намена **Д1.1** – Јавни градски паркови, зелени сквервови се утврдува со урбанистички проект во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетителите, специфичните потреби и услови на локацијата;

Во рамките на градежните парцели, односно објектите треба да се предвиди и простор за паркирање односно безбедно одлагање на велосипеди, и тоа најмалку за еден велосипед за секој стан за намената **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули, додека за комерцијално-деловните намени, јавните институции и образовните институции бројот на паркинг места за велосипеди се утврдува со проектната програма во зависност од спецификите на дејноста.

За градежните парцели, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно и истото наведено е во посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.

Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува и подземното паркирање, во планираните градежни парцели на овој ДУП ќе се разработи со Идеен проект па со Основен проект во рамките на градежната парцела.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од Член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

4.6.5. Нивелациско решение

Со изработка на урбанистичкиот план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

При дефинирањето на нивелетите на пристапните и станбените улици, почитувана е нивелетата на изведените улици и конфигурацијата на теренот, при што подолжните наклони се движат во рамките на пропишаните вредности од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Висинските коти на сообраќајниците се прикажани со координатни точки по X, Y и Z координата во следната табела:

Р.бр.	X	Y	Z
1	4623247.17	7598954.94	295.00
2	4623195.25	7598892.59	297.50
3	4623428.62	7598777.82	306.00
4	4623271.49	7598830.52	301.50
5	4623207.55	7598749.17	309.00
6	4622970.99	7599039.67	279.00
22	4622895.81	7599074.66	273.00

4.7 Комунална инфраструктура

4.7.1. Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип,** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

– Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-2101/2 од 22.04.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година
– Постојна состојба;
– Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Према ГУП за град Штип (2019-2029 година) во **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип,** просторот е предвиден со класа на намена:

Групи на класа на намена:
А – Домување
В – Јавни институции
Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори
Е – Инфраструктура

Основни класи на намена:
А2.1 – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули, застапена со 11,07%
В1.3 – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високу училишта, застапена со 45,14%
В2.4 – Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита со застапеност од 16,21%
Д1.1 – Јавни градски паркови, зелени скверови, застапена со 1,12%
Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило, застапена со 3,20%
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (улици, велосипедски патеки, паркинзи и тротоари), застапена со 23,26%

и други инфраструктурни содржини и градби.

Приклучните точки на хидротехничката инфраструктура ќе се разработат со хидротехнички услови издадени од ЈП ИСАР со пропишани услови за приклучок на постоечката водоводна, фекална и атмосферска инфраструктурна мрежа и ќе се вградат како услов за решение во проектите за инфраструктура или основните проекти.

- **Водоснабдување**

Најголемиот потрошувач-корисник на вода е потребата од против пожарна вода во опфатот, поготово во зоните каде што се појавуваат објекти со намена А - Домување, односно со основната намена (**А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули).

При димензионирањето на водоводната инсталација ќе се земе во предвид фактот дека се земаат во предвид неопходните количества на вода што во процесот на производство се потребни за туширање, како и едновремено работење на 2 (два) противпожарни хидрати и просечната дневна потрошувачка по жител.

Се предвидува дека 30% од жителите треба да користат тушеви.

Претпоставено е следното:

1. Жители
   - 287 жител
   - 72 жители се корисници на тушеви
2. Водоснабдителна норма
   - жители 25 л/сек
   - корисници на тушеви 50 л/сек

3. Усвоена коефициент на дневна нерамномерност
   a1 = 1.5
   - пресметка на количината на вода што е потребна за вработените

4. Среднодневна потрошувачка
   Qsr./den = 287 x 25 + 548 x 50
   Qsr./den = 34575 l/den
   qsr./den = 34575 / 86400 = 0.40 l/s
5. Максимална дневна потрошувачка
   Qmax/den = 0.40 x Qsr./den = 0.40 x 34575 = 13830 l/den
   qmax/cas = 13830 / 24 = 576 l/cas
   qmax/sek = 576 / 3600 = 0.16 l/s

За потребите на станбената зона потребно е едновремено да работат два хидранти – еден час по 5,0l/сек.

qmax/cas + qpozar = 1.67 + 10.00 = 11.67 l/sек

Се вкупно за димензионирање

qmax/cas + qpozar = 11.67 l/s

6. Димензионирање на водоводна линија

Димензионирањето на водоводната линија се извршени спрема среднодневната потрошувачка.

За водоводната линија се усвојува цевка PE100 со Ф80 НП 10 бари

$di=35.7*\sqrt{Q/v}$

di – внатрешен дијаметар на цевката (mm)
Q – спроведена количина (л/сек)
v – брзина 1m/сек

Q = 11.67 l/s
V = 1.0 m/s

Di = 35.7* √ Q/v
Di = 35.7* √11.67/1,0
di = 122mm **Усвоена е минимален профил од Ф80/10 бари**

Постојната водоводната мрежа низ разгледуваниот опфат во целост ги задоволува потребите за водоснабдување на корисниците, а за потребите на станбената зона и против пожарната вода потребно е зголемување на капацитетот на постојната инсталација.

Целокупната површина треба да биде покриена со хидрантна мрежа со потребен број на надземни покривни хидрати поставени на јавната сообраќајна површина на максимално меѓусебно растојание од:

во зоната за **А2** – Станбени згради на секои 80m.

Мапа на надземни пожарни хидрати се проток на Qпожар=5 л/сек. така што ќе се обезбеди истовремена работа на два надворешни надземни пожарни хидрати при евентуална појава на пожари.

Новата водоводна мрежа како и димениониранjето на проектите ќе се изврши со разработка на Инфраструктурни проекти и Основни проекти за ваков вид на градби.

- **Фекална канализација**

Низ границата на планскиот опфат поминува фекална канализација.

Постоечката фекална канализација ги задоволува потребите на планскиот опфат. Ќе се планираат повеќе крации линии на фекална канализациона мрежа, кои понатаму ќе ја одведат целата фекалната и одпадна вода до главниот собирен колекторски канал, се до прочистителната станица на градот Штип. Исто така низ градежните парцели поминува фекална канализација со профил Ф250 за кој се планира дислокација заради реализација на Деталниот урбанистички план со ист профил и истите се прикажани во графичките прилози од овој Детален урбанистички план. Трошоците за дислокација на фекалната канализација во целост ги покрива Инвеститорот.

Елементи на фекална канализација

Тргнувајќи од основниот услов за минимален профил на уличната канализациска мрежа усвоени се ПЕ SN8 Ф250mm - за фекалните канализациски мрежи полнеж H/D=0,7, дозволена е минимална брзина V_{min} =0,7m/сек и минимален пад J=0.0075, направена е проверка и е добиено:

Во крајниот пресек, протокот изнесува:

Q= 0.69 (l/сек)
ΔQ= Qst/$Q_{100\%}$=0.69/20.2=0,03 од табела произлегува
H / D = 0,30 или
h= D x 0,30 = 20x0.30=6.00sm

h= 6,0 sm

- брзина V=?

V_{stv} =$V1_{00\%}$ h 1.00=0,87 h 0.8
$V_{stv.}$ = 0,70 m/сек

Ваквата поставка обезбедува чиста и здрава околина без негативни последици по животната средина. Нивниот точен распоред и профил ќе биде решен со изработка на Проект за инфраструктура, а потоа со Основен проект за фекална канализација за Блок J20.09.

- **Подземни води**

Инфилтрирани подземни води во фекалната канализација се исклучуваат, канализацискатa мрежа се предвидува да се изведува од пластични канализациски цевки за улична канализација со гумени заптивки.

- **Атмосферска канализација**

Во опфатот нема постојна регистрирана атмосферска канализација, која прифаќа дел од површинските води од опфатот. Конечното решение за прифаќање на атмосферска вода ќе се обезбеди со изработка на Проект за инфраструктура, а подоцна Основен проект за линиска атмосферска канализациона мрежа, а приклучоците на атмосферската канализација ќе се прикчучат на новопланираната атмосферска канализација.

4.7.2. Електро-енергетски, телефонски, топлински и гасоводни инсталации

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип, е со површина од **3,02ха** и е предмет на изработка на електроенергетско напојување.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **30203,62 m²**

Површини по класа на намена:

А - Домување
А2.1 – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули
ВКУПНО БРУТО: 8596,00 m²

В – Јавни институции
В1.1 – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта
В2.4 – Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита
ВКУПНО БРУТО: 32805,33 m²

Д – Зеленило, спорт и рекреација и меморијални простори
Д1.1 – Јавни градски паркови, зелени сквервови
Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

ВКУПНО ПОВРШИНА: 1306,43 m²

Е – Инфраструктура
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (улици, велосипедски патеки, паркинзи и тротоари)

ВКУПНО БРУТО: 7024,89 m²

Со овој план извршена е поделба на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип** и тоа на 3 (три) градежни парцели:

НАМЕНА А – ДОМУВАЊЕ

А - Домување = 8596,00m²

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следните електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на намена А – Домување:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,03 KW/m²)

Ped1 = 0,03KW/m² x 8596,00m² = 258 KW

Вкупната едновремена снага за намената А – Домување:

Ped 1 = 258 KW

НАМЕНА В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В - Јавни институции = 32805,33 m²

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следните електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на намена В – Јавни институции:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,03 KW/m²)

Ped1 = 0,03KW/m² x 32805,33 m² = 984 KW

Вкупната едновремена снага за намената В – Јавни институции:

Ped 1 = 984 KW

Улично и парковско осветлување

Сообраќајници и парковите во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:
- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри. "В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан-телефон, додека за јавните содржини бројот на приклучоци се определува според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговија и деловни простори доколку се планира како компатибилна класа на намена на домувањето , по два телефонски приклучока за секој локал, или два приклучока на секои 100m^2.

Вкупниот број на станови во планирана состојба во рамки на планскиот опфат изнесува 130.

Од ова произлегува дека е потребно да се обезбедат околу 103 телефонски приклучоци за домување и околу 3 приклучоци за јавните институции или вкупно околу 106 телефонски приклучоци кои ќе се приклучат на најблиската автоматска реонска централа.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши до најблиската автоматска реонска телефонската централа. Новопредвидените коридори и траси на телекомуникациските водови се предвидени да се водат подземно, под тротоарските површини. По должината на трасите на каблите, на местата каде што е предвидено разгранување на мрежата, потребно е да се обезбеди простор за монтажа на телефонски ормари со димензии 0,40 x 0,60 x 0,90m и манипулативен простор околу ормарите со димензии 1,00 x 1,50m.

Гасоводна и топловодна мрежа

Низ локалитетот нема изградена топловодна мрежа за снабдување на домаќинствата со топлинска енергија.

При планирањето на нови градби од топловодната и гасоводна мрежа градбите треба да се почитуваат пропишаните минимални растојанија, односно да се обезбеди соодветен заштитен појас на топловодот и гасоводот.

4.8 Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање и реализација на плански решенија

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип,** ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Економското образложение произлегува од реалната состојба на објектите на терен и планското решение.

Планот предвидува намена **А** – Домување, **В** – Јавни институции, **Д** – Зеленило, и **Е** – Инфраструктура.

Во споредба со постојната изградена површина се гледа дека во планското решение имаме поголема искористеност на земјиштето со што се добива повеќе комуналии за општината и градот Штип што придонесува за поголем инфраструктурен развој, а со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко. Со донесувањето на овој **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип,** ќе се зголемат станбените капацитети на градот што придонесува за зголемување и подобри и поквалитени услови за живот на граѓаните, а исто така ќе се зголеми економскиот развој на градот Штип. Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање.

4.9 Услови за изградба

4.9.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип,** односно за изготвување на Извод од урбанистички план, услови за изработка на Урбанистички проекти, Идејни проекти и Основни проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување на сила на Деталниот урбанистички план
2. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан дел - градежна парцела поединечно.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Со планот се одредени следните услови:

3. Архитектонското обликување на објектите зависи од наментата и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
4. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и објекти ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).
5. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:
   - број на градежна парцела;
   - површина на градежна парцела (m^2);
   - површина за градење (m^2);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна бруто развиена површина по катови (m^2);
   - коефициент на искористеност на земјиштето (к);
   - основна класа на намена на земјиштето и градбите;
   - компатибилни класни на намени;
   - максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
   - максимален број на катови;
   - максимална дозволена висина на венец;
   - минимален процент на зеленило во парцела;
   - потребен број на паркинг места во рамките на градежната парцела.
6. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба јадополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.
7. Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
   - тие треба да бидат дополнување на основната намена;
   - тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
   - тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
   - тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

8. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места е утврден согласно Член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и изнесува:
   - за намени **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и клули, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите;
   - за намена **В1.3** – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите
   - за намена **В2.4** – Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита, потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите. Потребниот број на паркинг места за градбите ќе се утврди при спроведување на урбнистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намена. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбите
   - за намена **Д1.1** – Јавни паркови, зелени сквердови, потребниот број на паркинг места ќе се утврди со разработка на Проектна програма од страна на Инвеститорот
9. Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.
10. Во рамките на градежните парцели треба да се предвиди простор за паркирање, односно безбедно одлагање на велосипеди, и тоа најмалку за еден велосипед за секој стан за немана **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули, додека за комерцијално-деловните намени, јавни објекти и јавни простори бројот на паркинг места за

велосипеди се утврдува со проектната програма во зависност од спецификите на дејноста.

11. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од Член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).
12. Во градежните парцели во кои е утврден простор ограничен со градежни линии (површина за градење) може да се гради една или повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Урбанистички проект согласно Член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25) според претходно дефинирана проектна програма.
13. Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува и подземното паркирање се совпаѓа со градежната линија.
14. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот. Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.
15. Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.
16. Максималната височина на градбата изразена во должни метри е надополнета со планска одредба која го одредува и го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата. Во вкупниот број на катови влегува и поткровјето, односно катот кој е дозволено да се оформи во рамките на дозволената кровна силуета.
17. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот во случај на совпаѓање на градежната линија со регулационата линија е 15cm, при што пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.
18. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот. Крововите можат да бидат коси, мансардни или рамни, при што косите кровови имаат најголем наклон од 35 степени,

мансардните имаат најголем наклон од 60 степени кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија, а рамните кровови имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата под агол од најмногу 60 степени и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален sид во рамнина со фасадата.

19. Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (СЛ Весник на РМ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
20. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.
21. За 35kV, 20kV и 10kV подземни далноводи во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации.
22. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.
23. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации“ на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,00m од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50m.
24. Отстапување од подземната градежна линија (површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 1,50m од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со основен или Урбанистички проект.
25. Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска, електронско-комуникациска и топловодна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на Урбанистички проекти.

26. Трошоците настанати во постапката за добивање на Одобрение за изградба на објектот како и трошоците настанати околу изместување на инфраструктурните објекти заради овозможување на градба, паѓаат на сметка на Инвеститорот на објектот.
27. Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.
28. Површините со намена **Д1.1** – Јавни градски паркови, зелени сквердови низ кои што е евидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.
29. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.
30. Со проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа (собирни улици), кои ќе се работат врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на Детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.
31. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.
32. Со цел надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, задолжително се почитуваат одредбите од делот 13. Стандарди за мобилност и пристапност (Член 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195 и 196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).
33. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Елементите од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.
34. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на

контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

35. Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ Весник на РМ бр.11/18 и 42/20).
36. Задолжително да се почитуваат одредбите од делот Зелени инфраструткури (Член 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178 и 179) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).
37. Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

При разработка на урбанистичките параметри од Деталниот урбанистички план, за тоа што не е регулирано со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

4.9.2. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

1. Посебните услови за изградба се однесуваат на планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистичкиот план, со дефинираните граници на локалитетот дадени во графичките прилози. Планскиот опфат е севкупен простор кој е предмет на изработка на овој урбанистички план и е со површина од 3,02ха.
2. Со овој **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип** се планирана изградба на објекти со класа на намена **А2.1, В1.1, В1.3 и В2** во рамките на постојните градежни парцели како и новоформираните градежни парцели се со цел усогласување на катноста на објектите и максималната височина на градба согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26)
3. Доколку при реализација на планот се појави археолошки наод, да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (СЛ Весник на РСМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
4. Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени во границите на дозволениот процент на учество на компатибилната класа на намени во однос на

основната класа на намена во планот. Во планскиот опфат предвидени се следните намени на земјиштето:

- **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули
- **В1.3 –** Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта
- **В2.4 –** Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита
- **Д1.1 –** Јавни градски паркови, зелени сквердви
- **Д2.1 –** Линиско сообраќајно зеленило
- **Е1.1 –** Сообраќајни патни инфраструктури (улици, велосипедски патеки, паркинзи и тротоари

5. Градежна линија и површина за градење
    - Градежна линија претставува планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
    - Површина за градење претставува планска одредба од графичкиот дел на планот со која се утврдува делот од градежната парцела кој се предвидува за површина на која може да се гради.
    - Во рамките на површината за градење може да се гради само еден објект.
    - Процент на изграденост – со планскиот концепт ја покажува густината на изграденост
    - Коефициентот на искористеност на земјиштето го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
6. Максималната височина на градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот или пристапната патека и завршниот венец на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Кај градежните парцели кои се ограничени со регулациона линија од две или повеќе страни, референтното лице во однос на кое се определува максималната височина за градење е дадено во условите за изградба за секоја градежна парцела поодделно. Максималната височина за градба за секоја градежна парцела е дадена во графичките и табеларните прилози на овој план и таа изнесува:
    - **А2.1** – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули,
      П+6, H=22,20m;
    - **В1.3 –** Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи улилишта
      П+2, H=13,50m
    - **В2.4 –** Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита
      П+2, H=13,50m

при што во вкупниот број катови не влегува и поткровјето кое може да се изведе во рамките на дозволената кровна силуета за градбите со намена домување

7. Висинската кота на нултата плоча (висинска кота на приземна плоча) во однос на тротоарот или пристапно-пешачката патека за сите градби со намена домување изнесува најмногу 1,20m. Максималната височина на нултата плоча за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата, а намената на градбите Б – Комерцијални и деловни намени е 15cm.
8. Паркирање на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела. Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. При димензионирањето на паркиралиштата, треба да се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидитет со соодветни димензии на паркиралиштата со помалку од 20 паркинг места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидитет.
9. Во градежните парцели минималниот процент на озеленетост изнесува 20%.
10. При проектирањето на подземните нивоа на објектите да се овозможат услови за решавање на дворната водоводна и канализациона мрежа, како и да се овозможат приклучоци на комуналната инфраструктура.

4.9.3. Услови за изградба за секоја градежна парцела

Градежна парцела 06.01

Основна класа на намена: В1.3 – Високо образование, универзитетски кампуси, универзитети, академии, факултети, институти, високи училишта
Компатибилни класи на намена: Д1.1, Д1.2, Д1.3, Д1.4, Д1.5, Д3.1, Д3.2, Д3.4, Д4.2, Д5.1, Д5.2, Д5.3
Максимално вкупно учество на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена: 40 %
Површина на градежна парцела: 13632.77 m²
Максимална дозволена површина за градба во основа: 8060,44 m²
Максимална дозволена висина на градба: 13,50 m[1] (се определува во однос на Сервисна улица ул. СЕ-1)
Пристапот за возила преку: Сервисна улица ул. СЕ-1
Максимална дозволена нулта кота: 297 мнв
Максимална височина на слемето е: 4,50 m[1] (се одредува во однос на завршниот венец на градбата)
Максимален број на катови: П+2
Максимална дозволена бруто површина за градба: 24181,33 m²
Процент на изграденост: 59,00 %
Коефициент на искористеност: 1,77

ПАРКИРАЊЕ:

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена градежна парцела со почитување на потребен број паркинг места согласно Член 134 и Член 135 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот минимален број на паркинг места за **ГП 06.01** да се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓа градбата. Потребниот број на паркинг места за градбата ќе се утврди при спроведување на урбанистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намени. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градбите.

НАПОМЕНА:

Доколку во **ГП 06.01** се планира изградба на еден објект, може да се разработуваат директно со Основен проект. Ако се планира изградба на комплекс од градби истата задолжително да се разработи со Урбанистички проект и задолжително да се достават Идејни проекти со разработен внатрешен сообраќај, сообраќај во мирување, сите инфраструктурни водови и др. како прилог на Урбанистичкиот проект согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Површините за градба дадени во графичките прилози означени со градежна линија **(ГЛ)** се рамковни и доколку истите не кореспондираат со вредностите дадени во нумеричките податоци и Условите за изградба на секоја градежна парцела не представува техничка грешка, а истото е со цел за поголема слобода во проектирањето и изградбата на новите градби. Зададените вредности во нумеричките податоци и во Условите за изградба на секоја градежна парцела се максимално дозволени и истите не смеат да се надминат.

Градежна парцела 06.02

Основна класа на намена: В2.4 – Општи и специјални болници од секундарната здравствена заштита

Компатибилни класи на намена: Б4.1, В2.2, В2.3, В2.5, Д3.4, Д1.3, Д1.4, Д1.5, Д2.1, Д2.2, Д2.3, Е1.8, Е1.5, Е1.6, Е1.7, Е1.8, Е1.9, Е1.13, Е1.14

Максимално вкупно учество на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена: 40 %

Површина на градежна парцела: 4896.44 m²

Максимална дозволена површина за градба во основа: 2874,67 m²

Максимална дозволена висина на градба: 13,50 m^1 (се определува во однос на нулта кота на постоечки објект)

Пристапот за возила преку: Станбена улица ул. СТ-1

Максимална дозволена нулта кота: 293 мнв
Максимална височина на слемето е: 4,50 m[1] (се одредува во однос на завршниот венец на градбата)
Максимален број на катови: П+2
Максимална дозволена бруто површина за градба: 8624,00 m²
Процент на изграденост: 59,00 %
Коефициент на искористеност: 1,76

ПАРКИРАЊЕ:

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена градежна парцела со почитување на потребен број паркинг места согласно Член 134 и Член 135 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот минимален број на паркинг места за **ГП 06.02** да се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓа градбата. Потребниот број на паркинг места за градбата ќе се утврди при спроведување на урбанистичко планско-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намени. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градбите.

НАПОМЕНА:

Доколку во **ГП 06.02** се планира изградба на еден објект, може да се разработуваат директно со Основен проект. Ако се планира изградба на комплекс од градби истата задолжително да се разработи со Урбанистички проект и задолжително да се достават Идејни проекти со разработен внатрешен сообраќај, сообраќај во мирување, сите инфраструктурни водови и др. како прилог на Урбанистичкиот проект согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Површините за градба дадени во графичките прилози означени со градежна линија **(ГЛ)** се рамковни и доколку истите не кореспондираат со вредностите дадени во нумеричките податоци и Условите за изградба на секоја градежна парцела не претставува техничка грешка, а истото е со цел за поголема слобода во проектирањето и изградбата на новите градби. Зададените вредности во нумеричките податоци и во Условите за изградба на секоја градежна парцела се максимално дозволени и истите не смеат да се надминат.

Градежна парцела 06.03

Основна класа на намена: А2.1 – Станбени згради, слободностоечки блокови и кули
Компатибилни класи на намена: Б1, Б1.2, Б1.3, Б1.4, Б1.5, Б1.6, Б1.7, Б1.8, Б1.9, Б1.10, Б1.11, Б1.12, Б1.13, Б1.14, Б1.15, В1.4, В2.2, В2.8, В2.9, Е1.8

Максимално вкупно учество на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена: 40 %
Површина на градежна парцела: 3343.08 m²
Максимална дозволена површина за градба во основа: 1228,00 m²
Максимална дозволена висина на градба: 22,20 m[1] (се определува во однос на Станбена улица ул. СТ-1)
Пристапот за возила преку: Станбена улица ул. СТ-1
Максимална дозволена нулта кота: 297 мнв
Максимална височина на слемето е: 4,50 m[1] (се одредува во однос на завршниот венец на градбата)
Максимален број на катови: П+6
Максимална дозволена бруто површина за градба: 8596,00 m²
Процент на изграденост: 37,00 %
Коефициент на искористеност: 2,57

ПАРКИРАЊЕ:

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена градежна парцела со почитување на потребен број паркинг места согласно Член 134 и Член 135 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот минимален број на паркинг места за **ГП 06.03** да се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓа градбата. Потребниот број на паркинг места за градбата ќе се утврди при спроведување на урбанистичко плански-проектни документации во зависност од намената, компатибилните и комплементарните класи на намени. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градбите.

НАПОМЕНА:

Доколку во **ГП 06.03** се планира изградба на еден објект, може да се разработуваат директно со Основен проект. Ако се планира изградба на комплекс од градби истата задолжително да се разработи со Урбанистички проект и задолжително да се достават Идејни проекти со разработен внатрешен сообраќај, сообраќај во мирување, сите инфраструктурни водови и др. како прилог на Урбанистичкиот проект согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 225/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Површините за градба дадени во графичките прилози означени со градежна линија **(ГЛ)** се рамковни и доколку истите не кореспондираат со вредностите дадени во нумеричките податоци и Условите за изградба на секоја градежна парцела не представува техничка грешка, а истото е со цел за поголема слобода во проектирањето и изградбата на новите градби. Зададените вредности во нумеричките податоци и во Условите за изградба на секоја градежна парцела се максимално дозволени и истите не смеат да се надминат.

4.9.4. Нумерички дел

- **Нумерички показатели**

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е 3,02 ха.
- Планирани се 3 (три) градежни парцели.

** Нумерички показатели на ниво на градежна парцела*

ДЕЛ ОД БЛОК СЗ.06 (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029)														
Бр. на парцела	Намена на парцела	Површина на парцела (m2)	Бр. на градба во парцела	Намена на градба	Дозволени компатибилни класи на намена на основната класа на намена и максимален дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена (%)		Максимална дозволена површина за градба во основа (m2)	Максимална дозволена висина на градба (m1)	Максимална дозволена нулта кота во (мнв)	Максимален број на катови	Максимална дозволена бруто површина за градба (m2)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
06.01	B1.3	13632.77	06.01	B1.3	Д1.1, Д1.2, Д1.3, Д1.4, Д1.5, Д3.1, Д3.2, Д3.4, Д4.2, Д5.1, Д5.2, Д5.3	40%	8060.44	H=13.50m	297 мнв	П+2	24181.33	59%	1.77	Согласно правилник за урбанистичко планирање
06.02	B2.4	4896.44	06.02	B2.4	Б4.1, В2.2, В2.3, В2.5, Д3.4, Д1.3, Д1.4, Д1.5, Д2.1, Д2.2, Д2.3, Е1.8, Е1.5, Е1.6, Е1.7, Е1.8, Е1.9, Е1.13, Е1.14	40%	2874.67	H=13.50m	293 мнв	П+2	8624.00	59%	1.76	Согласно правилник за урбанистичко планирање
06.03	A2.1	3343.08	06.03	A2.1	Б1, Б1.2, Б1.3, Б1.4, Б1.5, Б1.6, Б1.7, Б1.8, Б1.9, Б1.10, Б1.11, Б1.12, Б1.13, Б1.14, Б1.15, В1.4, В2.2, В2.8, В2.9, Е1.8	40%	1228.00	H=22.20m	297 мнв	П+6	8596.00	37%	2.57	Согласно правилник за урбанистичко планирање
ВКУПНО:		21872.30	/	/			12163.11	/	/	/	41401.33	56%	1.89	/
*ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА Е ПРЕЗЕНТИРАНА БЕЗ ПОВРШИНИТЕ НА ОТВОРЕНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОБЈЕКТОТ (НАТКРИЕНИ И ОТВОРЕНИ ТЕРАСИ, БАЛКОНИ, ЛОЃИИ, НАДСТРЕИ, ТРЕМОВИ, НАДВОРЕШНИ СКАЛИ И ПРИСТАПНИ РАМПИ)														

** Пресметка на број на жители и густина на населеност според ДУП за дел од СЗ.03*

Класа на намена	Бруто развиена површина во (m2)	Број на домаќинства	Број на жители	Густина на населеност ж/ха
А2.1 - Станбени згради - слободностоечки блокови и кули	8596,00	80	287	95
ВКУПНО:	**8596,00**	**80**	**287**	**95**

- **Билансни показатели**

** Билансни показатели по ГУП за град Штип (2019-2029 година) за Блок С3.03*

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ																
ЧЕТВРТ		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
С3.03		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г (ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ)	РЕКИ - ВОДИ	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	МЕШАНА НАМЕНА (Б+В+Г)	ДРУГО
%	100,00	0,00	1,93	0,00	31,61	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	11,38	0,00	0,00	55,08	0,00
ХА	31,70	0,00	0,61	0,00	10,02	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	3,61	0,00	0,00	17,46	0,00

С3.03	ПОВРШИНА НА БЛОК ВО ХА	ДОМИНАН-ТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИ-ЕНТ НА ИСКОРИСТЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИВ О ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ ВО ОДНОС НА ВКУПНАТА ДОЗВОЛЕНА ПОВРШИНА СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ Ж/ХА
	31,70	**Г (ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ)**								
Вкупно:	**31,70**		**0,00**			**0**		**0**	**0**	

** Билансни показатели по ДУП за дел од С3.03*

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ																
ЧЕТВРТ		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
ДЕЛ ОД С3.06		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г (ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ)	РЕКИ - ВОДИ	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)	ДРУГО
%	99.67	10.93	0.00	61.26	0.00	0.00	0.99	3.31	0.00	0.00	23.18	0.00	0.00	0.00	0.00
ХА	3.02	0.33	0.00	1.85	0.00	0.00	0.03	0.10	0.00	0.00	0.70	0.00	0.00	0.00	0.00

СПОРЕД ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.06	ПОВРШИНА НА БЛОК ВО ХА	ДОМИНАН-ТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИ-ЕНТ НА ИСКОРИСТЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ ВО ОДНОС НА ВКУПНАТА ДОЗВОЛЕНА ПОВРШИНА СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ Ж/ХА
	3.02	**А (ДОМУВАЊЕ)**	0.33	84.80	4	11193	3.39	287	80	870
Вкупно:	**3.02**		**0.33**			**11193**		**287**	**80**	

** Инфраструктурни потреби по ГУП за град Штип (2019-2029 година) за Блок С3.03*

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
СПОРЕД ГУП ЗА С3.03		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕР-СКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУ-ВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	3.315,53	0,00	0,00	0,00	0,00	23,15	34,77	0,00	1.743,38	0,00
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							0,00 СЕМ/ХА				
ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА											
*											

** Инфраструктурни потреби по ДУП за дел од С3.03*

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
СПОРЕД ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.06		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕР-СКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУ-ВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	646.00	114.80	1.33	1.99	2.59	0.00	0.00	91.84	166.10	717.50
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							26.40 СЕМ/ХА				
ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА											
*											

- **Споредбени билансни показатели**

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06 СО ГУП ЗА БЛОК С3.06				
	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА ИЛИ ОСНОВНА КЛАСА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО	ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СПОРЕД ГУП ЗА С3.06 ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014-2029 (ха)	ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА СО ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.06 ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029 (ха)	РАЗЛИКА ВО - %
	А (ДОМУВАЊЕ)	53.91	0.33	-0.61%
	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	0.88	0.00	/
	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	4.59	1.85	-40.30%
	Г (ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ)	0.97	0.00	/
	РЕКИ - ВОДИ	3.84	0.00	/
	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	28.82	0.03	-0.10%
	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	0.00	0.10	/
	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	3.10	0.00	/
	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	0.00	0.00	/
	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	4.93	0.70	-14.20%
	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	0.33	0.00	/
	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	0.00	0.00	/
	МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)	4.53	0.00	/
	ДРУГО	0.00	0.00	/
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ		**105.90**	**3.02**	***I***

4.10 Мерки за заштита

4.10.1. Мерки за заштита на животната средина

Согласно Законот за животната средина (СЛ Весник на РСМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16,99/18, 89/22 и 171/22), заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење,

заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави;
- Примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;

Комуналната инфраструктура да биде изведена согласно сите технички прописи, така што да нема опасност од загадување на подземните води.

4.10.2. Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката.

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголеменоискористување на

обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.

За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

4.10.3. Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите (СЛ Весник на РСМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21).

Во локалитетот одведувањето на фекалните отпадни води е решено со изведена фекална канализација до септичка јама. Предвидена е изградба на внатрешна канализација, со приклучоци за новопредвидената градба, а воедно предвидена можност за поставување на пречистителна станица за локален третман на отпадните води пред испуштање во реципиент доколку е неопходно.

4.10.4. Мерки за заштита на почвите

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

4.10.5. Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата.

Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина (СЛ Весник на РСМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/20), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

4.10.6. Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

4.10.7. Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот.

При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

4.10.8. Мерки за заштита и спасување

Со Законот за заштита и спасување (СЛ Весник на РСМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во РСМ.

Согласно Законот за заштита и спасување, Законот за управување со кризи (СЛ Весник на РСМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и 215/21) и Законот за пожарникарството (СЛ Весник на РСМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање,

спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

